Република Северна Македонија
Министерство за финансии

ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТАВУВАЊЕТО/ДОСТАВУВАЊЕТО НА ДАНОЧНИТЕ БИЛАНСИ ЗА 2019 ГОДИНА

Заради појаснување на одредени дилеми, во функција на уредно составување и доставување на даночните билansи за 2019 година, Министерството за финансии изготви неколку појаснувања за најчесто поставувани прашања од даночните обврзници.

Прашање

Заради претсојниот период на поднесување на Даночни билansи, кои Даночни билansи ќе се поднесуваат и за кој период ќе се однесуваат?

Одговор

Даночното известување за 2019 година, даночните обврзници ќе го вршат со поднесување на следните даночни билansи:

- Обврзниците на данокот на добивка, ќе поднесат Даночен биланс за оданочување на добивката-образец „ДБ“ (Сл. весник, бр. 6/2020);

- Трговски друштва класифицирани како мали и микротрговци и правни лица кои водат сметководство и подготвуваат годишни сметки согласно со ЗТД, чиј вкупен приход остварен за 2019 година не надминал 3.000.000 на годишно ниво, ќе поднесат Даночен биланс на вкупен приход – образец „ДБ-ВП“ (Сл. весник, бр. 174/14). Истиот Даночен биланс ќе го состават трговските друштва чиј вкупен приход остварен за 2019 година изнесува од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво, а се определиле да пресметуваат и плаќаат данок на вкупен приход согласно со поедноставениот даночен режим уреден со Законот за данокот на добивка.

- За прв пат за 2019 година, непрофитните организации излегуваат од режимот на оданочување на добивката и преминуваат во режим на оданочување на делот на приходот од стопанска дејност кој што надминува 1.000.000 денари годишно. Се работи за широка група на субјекти, чие основање нема профитни мотиви:

- здруженија на граѓани и фондации и нивните сојузи,
- други облици на здружување или поврзување,
- стопанска интересна заедница,
- политички партии,
- верски заедници,
- религиозни групи,
- Црвен крст на РС Македонија,
- здруженија на странци,
- странски и меѓународни невладини организации,
- хуманитарни организации и здруженија,
- синдикати,
- комори,
- регулаторни тела (МАПАС, АСО, КХВ, РКЕ, АЕК, ИСОС, ИОРРМ, заедници на сопственици на станови, итн.)
- други правни лица основани со посебни прописи од кои произлегува дека се непрофитни организации.

Овие даночни обврзници за 2019 година ќе поднесат Даночен биланс на непрофитни организации-Образец „ДБ-НП/ВП“ (Сл. весник, бр. 216/19).

Прашање

Со оглед на поместувањето на рокот за доставување на Извештајот за трансферни цени за 2019 година до УЈП: нанесто со поднесувањето на Даночниот биланс, истиот да се доставува до 30 септември 2020 година, како треба да се постапи со евентуално утврдената разлика меѓу трансферните и пазарните цени во Даночниот биланс за 2019 година?

Одговор

Пресметаната разлика меѓу трансферните и пазарните цени за 2019 година, се додава во основата за оданочување утврдена во Даночниот биланс за 2019 година (АОП 34 и 35 во Даночен Биланс-ДБ), кој се доставува до УЈП, во рок согласно со начинот на доставување на годишната сметка. Извештајот за трансферни цени се доставува до УЈП најдоцна до крајот на месец септември текмата за претходната година.
Ако се појават разлики меѓу калкулираните трансферни цени кои се додадени во Даночната основа за претходната година, ќе се изврши исправка на поднесениот Даночен биланс-ДБ за претходната година (2019 година).

Прашање

Кој износ на непризнат расход треба да се усогласи во Даночниот Биланс ДБ согласно со членот 9-а став (1) од Законот за данокот на добивка?

Одговор

Во Даночниот Биланс-ДБ треба да се усогласи делот на амортизацијата пресметан на ревалоризираната вредност на материјалните и нематеријалните средства, односно разликата на пресметаната амортизација од набавната вредност и повисокиот износ на пресметаната амортизација на ревалоризираната вредност на средствата евидентирана во сметководството на даночниот обврзник-правно лице, согласно со избраните сметководствени политики за објективно вреднување на средствата после почетното признавање.

Прашање

Во случај на извршено усогласување во Даночниот Биланс-ДБ на трошоците за амортизација на материјални и нематеријални средства кои е повисока од амортизацијата пресметана на набавната вредност на средствата со примена на стапки кои се повисоки од пропишаните согласно со Номенклатурата на средствата за амортизација, на кој начин може истиот износ да се намали од даночната основа во идни даночни периоди согласно со член 17-а став 1) од Законот за данокот на добивка?

Одговор

Намалувањето на даночната основа согласно со член 17-а, став 1) се искажува во Даночниот биланс-ДБ во годината која следи по годината во која средството е целосно амортизирано. Намалувањето може да се користи најмногу во износ кој што не поголем од износот на пресметаната амортизација со примена на амортизациони стапки утврдени со Номенклатурата на средствата за амортизација, со исклучок на последната година од пропишаниот век на средството според годишните амортизациони стапки, кога може да се искаже целиот износ на амортизацијата за која во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа. Доколку годината во која основното средство е целосно амортизирано се совпаѓа со последната година од пропишаниот век на средството според годишните амортизациони стапки, во Даночниот биланс-ДБ за таа година може да се искаже целиот износ на амортизацијата за која во претходниот период е извршено зголемување на даночната основа.

Прашање

Доколку треба да извршам усогласување во Даночниот Биланс-ДБ на АОП 26 за трошоци за нето износот на примањата по основа на деловна успешност над износот на кој се пресметани придонеси согласно со закон, дали усогласувањето треба да го направам со вклучен данок на личен доход или без пресметаниот данок на личен доход?

Одговор

Износот во Даночен Биланс-ДБ кој што треба да биде усогласен на АОП 26 треба да биде со вклучен данок на личен доход, односно усогласувањето се врши за вкупниот износ кој ја надминува највисоката основица за пресметување на социјални придонеси согласно со закон.

Прашање

Дали надоместоците на трошоците за хотелско сместување кои се повисоки од 6.000 денари дневно по лице кои не е вработено кај исплатувачот, а е ангажирано во функција на дејноста на исплатувачот се непризнати расходи?

Одговор

Споменатите трошоци за хотелско сместување кои го надминуваат износот од 6.000 денари дневно по лице имаат третман на непризнати расходи за целите на формирањето на основата за оданочување со данок на добивка од 1 јануари 2020 година. Од таму доколку во текот на 2020 година обврзникот врши исплати/плаќање по овој основ над споменатиот износ, разликата над 6.000 денари има обврска да ја додаде во Даночниот биланс-ДБ за 2020 година. За 2019 година во Законот за данокот на добивка не е утврден лимит на овие трошоци, па според тоа целиот износ на документираните трошоци за сместување е признат даночен расход. Доколку обврзникот не може да ги документира направените трошоци за сместување, истите ќе имаат третман на непризнат расход за целите на оданочувањето, кој обврзникот треба да го додаде во Даночниот биланс-ДБ за 2019 година.

Прашање

Дали непрофитните организации кои не остваруваат приходи од стопанска дејност имаат обврска да доставаат ДБ-НП/ВП до УЈП?

Одговор

Непрофитните организации кои се наведени во член 4-а од Законот за данокот на добивка а кои немаат остварено приход од вршење стопанска дејност согласно со член 4-а став 1) и 2) од ЗДД, истите не се обврзници за данок на добивка и немаат обврска за доставување на образец „ДБ-НП/ВП“. Образец „ДБ-НП/ВП“ доставуваат само оние непрофитни организации кои остварале приходи од вршење на стопанска дејност во износ поголем од 1.000.000 денари за 2019 година.

Прашање

Дали непрофитните организации кои остваруваат приходи од стопанска дејност помал од 1 милион на годишно ниво имаат обврска да доставаат ДБ-НП/ВП до УЈП?

Одговор

Непрофитните организации кои се финансираат од членарини и донации и имаат остварено средства од вршење стопанска дејност (под 1.000.000 денари), согласно со член 39 став (4) од ЗДД, доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност на непрофитната организација е поголем од 1.000.000 денари има обврска до Управата за јавни приходи да достави образец „ДБ-НП/ВП“, во спротивно доколку вкупниот годишен приход од стопанската дејност на непрофитната организација е помал од 1.000.000 денари нема обврска за доставување на образец „ДБ-НП/ВП“.

Прашање

Кој износ се смета за признат расход во врска со надоместоци на трошоци за користење на сопствено возило на вработениот за потребите на работодавачот, во висина од 30% од исплатениот износ, но најмногу до 60.000 денари на годишно ниво согласно со член 9 став 1 точка 2 алинеја 8 од Законот за данокот на добивка?

Одговор

Доколку на работникот за користење на сопствено возило за потребите на работодавачот му е исплатен износ од 70.000 денари на годишно ниво, признат расход за даночни цели претставува износот од 21.000 денари (70.000 ден x 30%), непризнат расход ќе претставува износот од 49000 денари (70.000 ден x 70% = 49000 плус). За признат расход се смета 30% од надоместокот (со вклучен данок на личен доход), но доколку 30% од исплатениот износ е поголем од 60.000 денари во тој случај признат расход е износот до 60.000 денари, износот над 60.000 денари е даночна расход.

Република Северна Македонија
Министерство за финансии